**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И СЕДМАТА**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.12.2020 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и седмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.12.2020 година**

Седницата започна во **12:30 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати процедурална забелешка до Претседателот на Советот во која укажа на кршење на одредбите од член 105 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, односно без одржување на седници на постојаните комисии на советот како матични работни тела се преминува на утврдување на предложениот дневен ред и притоа истакна дека ниту една од предложените точки не е помината на седница на комисија. Од тие причини предложи точките редоследно од 1-33 **да се симнат** од предложениот дневен ред

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Истакна дека одговорноста од одржувањето на седницата на советот со физичко присуство во салата за одржување седници на советот неможе да биде кај Градоначалникот на општината. Претседателот на Советот кој со решение ја свика седницата на советот и го определи и времето и местото на одржување на седницата треба да ја превземе одговорноста за здравјето на службениците од

општинската администрација, кои претходно добија наредба од Градоначалникот на општината за одржување на седниците на комисиите и седницата на советот on-line преку платформата ZOOM, за во последен момент да бидам принуден да повикувам дел од администрацијата да бидат физички присутни во салата. Во однос на предлогот на советникот Трајковски истакна дека е во ред да се даде пауза за да се одржат седниците на комисиите а што се однесува до поднесените 201 амандман истакна дека тоа надминува и два Предлог-Буџета на општината и поради тоа може како предлагач да го повлече Предлог-Буџетот на општината за 2021 година, да се подготви и предложи Предлог-Одлука за времено финансирање на општината до 31 март 2021 кога и би се распушти советот по сила на закон, со што Градоначалникот ќе ги извршува своите надлежности во согласност со законот, нема да се одржуваат седници на советот, нема да се исплаќаат месечни надоместоци се до одржување на редовните Локални избори во месец октомври 2021 година.

Повторно го повика Претседателот на Советот да ја превземе одговорноста за здравјето на сите присутни во салата.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Истакна дека за конкретната седница не постоеше друг начин на определување на место за одржување на седницата освен со физичко присуство, од причина што не постои вонредна состојба и оттука не постои можност за одржување на седницата на советот on-line преку платформата ZOOM. Истакна дека има потреба од измени во Деловникот на Советот на Општина Гази Баба. Во понатамошниот тек на дискусијата изрази сериозно забелешки за начинот на кој е предложен Предлог-Буџетот на општината, без консултации. Секогаш Буџетот се носел во две фази како Нацрт-Буџет и Предлог-Буџет.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред, точките редоследно од 1-33 да се симнат од предложенот дневен ред, беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **11 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ"**.

За работата на седницата со **15 гласа "ЗА" и 10 гласа "ПРОТИВ"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за примање донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје;
2. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на монтажен паркинг во населено место Автокоманда;
3. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот;
4. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки;
5. Предлог - Одлука за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година;

6. Предлог - Одлука за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година;
7. Предлог - Одлука за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари за заедничко вршење на надлежностите од областа на инспекцискиот надзор;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година;
9. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2021 година;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година;
11. Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2021 година;
12. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на дел од водоводен систем во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма;
13. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно технички персонал и административни службеници за 2021 година;
14. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година;
15. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2021 година;
16. Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година;
17. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година;
18. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година;
19. Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
20. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2021 година;
21. Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година;
22. Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година;
23. Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година;
24. Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2021 година;
25. Предлог - Програма за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година;
26. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година;
27. Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година;

28. Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година;
29. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година;
30. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година;
31. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2021 година;
32. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година; и
33. Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Истакна дека вкупно 201 амандман поднесени на 23 и 24 декември, се поднесени вон рокот утврден со член 171 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, односно најдоцна 3 дена пред денот определен за одржување на седницата на советот. Поради изнесеното, **предложи** да се гласа за отфрлање на поднесените 200 амандмани.

Во понатамошниот тек на дискусијата со поддршка од 5 советника во согласност со член 70 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба **предложи** да се гласа за ограничување на времетраењето на излагањето по исто прашање да биде до 5 минути и да се говори само еднаш.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во однос на дискусијата на претходниот советник, истакна дека согласно член 174 а по исклучок на член 171 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба амандман може да се поднесе и на седница на советот, во тек на претрес по Предлог-Одлука.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Истакна дека имал обиди во разговор со Градоначалникот на општината а во насока на поголема транспарентност при донесување на Буџетот на општината, истиот да се донесе во две фази - Нацрт и Предлог-Буџет.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја поддржа дискусијата на советникот Трајковски за деловничка можност за поднесување на амандмани и на самата седница и истакна дека никогаш немало проблем амандмани да се поднесуваат на самата седница.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Согласно член 179 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, предложи или да се одложи претресот по поднесените амандмани за некоја од следните седници на советот или да се подржи предлогот на советникот м-р Мартин Ристов и да се гласа за отфрлање на поднесените 200 амандмани.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање по однос на двата предлога на советникот м-р Мартин Ристов.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Го подржа предлогот за поименично гласање по однос на своите предлози.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека не се согласува со начинот на кој е изготвен овој Предлог-Буџет на Општина Гази Баба за 2021 година и не се согласува со дикусијата на Градоначалникот на општината во која тој најави повлекување на сите точки од негова страна, предлагање на Одлука за времено финансирање на општината до 31 март 2021 година и распуштање на советот по сила на закон.

Претседателот на Советот врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **првиот** предлог на советникот м-р Мартин Ристов **за отфрлање на поднесените 201 амандман**, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | √ | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. |ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | √ | | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | √ | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | √ | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | √ | | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | √ | | |

Советот го усвои предлогот со **16 гласа "ЗА" и 11 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **вториот** предлог на советникот м-р Мартин Ристов **за ограничување на дискусијата по исто прашање да биде до 5 минути и да се говори само еднаш**, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | √ | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | | √ |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | √ | | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | √ | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | √ | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | √ | | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | √ | | |

Советот **не го усвои** предлогот со **12 гласа "ЗА", 14 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

**Коментар од стручната служба:** По заклучување на претресот а пред спроведување на гласањето по оваа точка, за збор се јави членот на советот Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") кој истакна дека овој

преседан што денес се направи (во однос на разгледување и гласање по точки од утврден дневен ред без претходно одржување на седници на комисии) не е виден во Република Македонија и како таков можеби ќе се применува и во иднина. Ние како советничка група нема да учествуваме во оваа незаконска седница.

Седницата ја напуштија 10 (десет) члена на советот од Коалицијата "За подобра Македонија".

Во понатамошниот тек на седницата на советот се констатираше дека советот може да расправа и полноправно да одлучува поради мнозинство од вкупниот број на членови на советот 17 (седумнаесет).

Советот ја донесе Одлуката за примање донација од Градежен институт "Македонија" АД Скопје, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на монтажен паркинг во населено место Автокоманда.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на монтажен паркинг во населено место Автокоманда, со **13 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ), Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2025 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари за заедничко вршење на надлежностите од областа на инспекцискиот надзор.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ) и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто

Оризари за  заедничко вршење на надлежностите од областа на инспекцискиот надзор, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ) и Сашко Цветковски (коалиција предводена од СДСМ), Градоначалникот на Општина Гази Баба и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Пред заклучување на претресот по оваа точка а во согласност со член 168 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба **ја повлече** Предлог-Одлуката.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на дел од водоводен систем во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Спогодба помеѓу Општина Гази Баба и Општина Илинден, за превземање на дел од водоводен систем во населените места Јурумлери, Гоце Делчев, Идризово и Дрма, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно технички персонал и административни службеници за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно технички персонал и административни службеници за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2021 година, со **13 гласа "ЗА", 2 гласа "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2021 година, со **15 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ), Благој Атанасов (коалиција "За подобра Македонија"), Градоначалникот на Општина Гази Баба и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2021 година (со измените во текстот), со **15 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2021 година, со **14 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2021 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2021 година (со измените во текстот), со **15 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2021 година, со **15 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2021 година, со **14 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2021 година, со **13 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2021 година, со **15 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и Претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2021 година, со **15 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година (со измените во текстот), со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ПРОТИВ"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, со **16 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:45 часот**.

**Број 09-194/2**
**од 28.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот